ФРИЦ ЛАНГ - ФОТОГРАФИИ

# НИЗ ФИЛТЕР НА ДВОДИМЕНЗИОНАЛНОСТА

***Во музејот на град Скопје во соработка Дирекција за култура и уметност, Скопје беше поставена изложба на фотографии од филмовите на Фриц Ланг.***




Поставката е хронолошки наредена нудејќи увид во комплексноста на Ланговиот творечки опус, со мал додаток кон неговите наследници или влијанија кај режисерите Луис Буњуел, Виктор Езенштајн и Чарли Чаплин. Така поставена, изложбата е интересна и за љубителите на филмската уметност и за оние на ликовната. Посебно може да биде лекција за историчарите на уметноста зашто покажува каде се може да биде применето ликовната уметност. Покажува дека истражувањата за неа не се само изложување на оригиналите во просторот обележан како галериски. За затоа тие што ги интересира музеологијата нуди нови полиња, нови теми. Единствеиот недостаток на изложбата е недостатокот на легенди. Појаснувањата се дадени на германски јазик кој за жал не секому е разбирлив. Фотографиите се земени кадри-сцени од филмовите. Без разлика дали се однесуваат на конкретната сценографија, костимографија, простор или амбиент, разместеност на актерите во конкретниот кадар, под нив е дадена фотографија или репродукција на конкретно дело: слика, цртеж, скулптура, архитектура од познати ликовни уметници и архитекти. Повеќето од искористените идеи се од современици на Фриц Ланг. Па така може да се примети Пол Кле чии кој е искористен и во убиецот М и во Метрополис, Хулио Гонзалез со скулптура од 1916 Кактусоликиот човек, Арнолд Боклин ; Обри Бирдсли со цртежот Алберс од 1896; Курт Шмидт -познатиот дадаиста-со цртеж од 1924 употребен за кадар од филмот Метрополис; Оскар Шлемер; Рудолф Белин-скулптор; Јозеф Хофнам; Ханс Томас; Валтер Групиус-архитектот....




Покрај комплексноста на филмот како уметност која во себе вградува многу медиуми и уметности, изложбата не говореше за големината на неговиот филмски опус ниту пак се впушташе во режисерската страна. Секако тој дел не езанемарен инаку не би постоел напор за истражувања, презентација на меѓународно ниво. Акцентот е ставен врз визуелниот впечаток . Дека филмот не есамо добра глума, светло, камера и режија туку дека и визуелизацијата на идејата (жесто пати неприметена и маргонализирана од луѓето) игра исто толку важна уога. Исто така секоја автохтона уметност може да постои сама за себе но во комплексност со останатите оддава слика за идеите, визите, проблмите на времето и творците во него.

Нада ПЕШЕВА